НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 02-17046/1
8 МАЈ 2023 год./viti
СКОПЈЕ / SHKUP

КСЗД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI ... DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-347/1
09-05-2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на 8 мај 2023 година, помеѓу:

1. **Народната банка на Република Северна Македонија** (во натамошниот текст: Народната банка), со седиште на бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр. 1, Скопје, застапувана од гувернерката, Анита Ангеловска-Бежоска, од една страна и

2. **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** (во натамошниот текст: Комисијата), со седиште на ул. „Даме Груев" бр. 1, Скопје, застапувана од претседателот на Комисијата, Исмаил Камбери, од друга страна.

Потврдувајќи го интересот за зајакнување на меѓусебната соработка, Народната банка и Комисијата се согласија за следново:

## Член 1

Целите на овој меморандум за соработка (во потамошниот текст: Меморандумот) се промовирање на еднаквоста и недискриминацијата, споделување експертиза и ресурси за меѓусебна поддршка во промовирањето на еднаквоста и недискриминацијата, како и развивање заеднички иницијативи во областа на еднаквоста и недискриминацијата (во натамошниот текст: предметната област).

## Член 2

Комисијата ќе обезбеди насоки и обуки за прашања поврзани со предметната област, вклучувајќи информации за дискриминаторските практики и трендови заради спречување на дискриминација.

Народната банка ќе се залага за промоција на принципите на Законот за спречување и заштита од дискриминација во рамките на институцијата и усогласеност со нив.

## Член 3

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката, страните се согласни да соработуваат во остварувањето на следниве активности:

- Изведување и учество на **активности** за спречување и заштита од дискриминација;
- Размена на **стручни мислења** и овозможување **заемна стручна консултација** за прашања од интерес од предметната област;
- Изведување **заеднички проекти и програми за обука**;
- Организирање **работни средби** за размена на експертиза од предметната област и размена на **практични искуства и знаења.**

## Член 4

Страните ќе назначат по најмалку еден вработен којшто ќе ги спроведува активностите од член 1 на овој меморандум од својата институција и најмалку по еден вработен одговорен

за координација за спроведување на овој меморандум, најдоцна во рок од 10 (десет) работни дена од денот на потпишувањето на Меморандумот.

Доколку едната страна направи промена на назначените лица утврдени во став (1) на овој член, за тоа писмено ќе ја извести другата страна, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на промената.

Страните се согласни дека ќе утврдат и ќе воспостават постојан механизам за координацијата и размена на информации, заради остварување на соработката.

**Член 5**

Страните се согласни дека, при спроведувањето на активностите, ќе се придржуваат до сопствените внатрешни правила за постапување и чување на информациите и важечките прописи од областа на заштитата на личните податоци, спречувањето и заштитата од дискриминација и безбедност на класифицираните информации.

**Член 6**

Страните се согласни дека важноста на овој меморандум ќе биде 2 (две) години од денот на неговото склучување.

Овој меморандум може да престане да важи пред истекот на периодот утврден во став (1) на овој член, доколку едната страна достави писмено барање за раскинување на Меморандумот до другата страна, а се смета за раскинат по истекот на 30 дена од денот на приемот на барањето.

Измени и дополнувања на одредбите на овој меморандум може да се направат со склучување Анекс кон Меморандумот.

По истекот на периодот за кој е склучен, Меморандумот продолжува да важи, освен доколку некоја од страните писмено не се изјасни дека не го продолжува Меморандумот.

**Член 7**

Каков било спор којшто може да се појави во врска со толкувањето или примената на овој меморандум се разрешува преку консултации меѓу потписниците на овој меморандум.

**Член 8**

Овој меморандум е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секој потписник.

**Член 9**

Меморандумот стапува во сила на денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| Народна банка на Република Северна Македонија | Комисијата за спречување и заштита од дискриминација |
| Гувернер<br>д-р Анита Ангеловска- Бежоска | Претседател<br>Исмаил Камбери |